20261482129

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 30 јуни 2026 година.

Бр. 08-4377/1
30 јуни 2026 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Siљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

Член 1

Во Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија" број 169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и 191/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 70/19, 98/19, 302/20, 122/21, 33/24, 208/24, 193/25, 258/25, 58/26 и 79/26), во член 2 став (1) точката 57 се менува и гласи:

„57. „Лесно електрично возило" е возило со најмалку две тркала, кое се движи на електричен погон со помош на електромотор, при што силата на електромоторот не надминува повеќе од 0,6 kW, чија конструкциски најголема дозволена брзина не е поголема од 25 km/h и чија маса без товар не надминува 35 kg;".

Во точка 103. по зборот „мопед" се става запирка и се додаваат зборовите: „лесно електрично возило".

Член 2

Во член 27 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Возачот на велосипед, велосипед со помошен мотор, мопед и лесно електрично возило при преминување на коловозот, како и при преминување на обележан пешачки премин е должен да го турка возилото доколку нема обележана лента, односно патека согласно со ставот (1) на овој член.".

Во ставот (2) кој станува став (3) зборовите: „од ставот (1)“ се заменуваат со зборовите: „од ставовите (1) и (2)“.

Член 3

Во член 103-а во став (1) сврзникот „или“ се заменува со запирка, а по зборовите: „велосипедска лента“ се додаваат зборовите: „или патека за велосипедисти и пешаци“.

Во ставовите (3) и (4) по зборовите: „велосипедска лента“ се додаваат зборовите: „патека за велосипедисти и пешаци,“.

Во ставот (6) бројот „25“ се заменува со бројот „20“.

Во ставот (7) по зборовите: „движи по“ се додаваат зборовите: „патека за велосипедисти и пешаци,“

Во ставот (9) по точката на крајот од реченицата се додава нова реченица, која гласи:

„Покрај утврдениот износ на глоба, на возачот ќе му биде привремено одземено возилото во времетраење од 30 дена.“.

Во ставот (11) по точката на крајот од реченицата се додава нова реченица, која гласи:

„Покрај утврдениот износ на глоба, возилото ќе биде привремено одземено во времетраење од 30 дена.“.

Член 4

Во член 103-б во ставот (1) првата реченица се менува и гласи:

„Возачот на лесно електрично возило не смее да управува со возилото на начин на кој се намалува стабилноста на возилото и ја попречува или загрозува безбедноста на другите учесници во сообраќајот, а особено не смее да ги симнува рацете од управувачот, да се придржува за друго возило, да вози на едно тркало, да превезува, да влече или турка предмети и слично.“.

Во ставот (2) бројот „50“ се заменува со бројот „100“.

Член 5

Во член 103-в во ставот (1) бројот „14“ се заменува со бројот „18“.

Ставот (2) се менува и гласи:

„(2) Возачот на лесно електрично возило не смее да превезува други лица, односно не смеат да се превезуваат други лица за време на управувањето со возилото.“.

Во ставот (3) бројот „50“ се заменува со бројот „100“, а зборовите: „возачот кој постапува“ се заменуваат со зборовите: „возачот и на лицето кое се превезува“. По точката на крајот од реченицата се додава нова реченица која гласи: „Покрај утврдениот износ на глоба, на возачот ќе му биде привремено одземено возилото во времетраење од 30 дена.“.

Во ставот (4) бројот „50“ се заменува со бројот „100“. По точката на крајот од реченицата се додава нова реченица која гласи: „Покрај утврдениот износ на глоба, возилото ќе биде привремено одземено во времетраење од 30 дена.“.

Член 6

Во член 103-г во ставот (1) зборот „треба“ се заменува со зборовите: „е должен“.

Во ставот (3) зборовите: „ставот (2)“ се заменуваат со зборовите: „ставовите (1) и (2)“.

Во ставот (4) зборовите: „ставот (2)“ се заменуваат со зборовите: „ставовите (1) и (2)“.

Член 7

По членот 103-д се додава нов член 103-ѓ, кој гласи:

„Член 103-ѓ

(1) Возач на лесно електрично возило не смее да управува со возилото во сообраќајот на патот, ниту да започне да управува со возилото ако во организмот има алкохол или ако покажува знаци на алкохолна растроеност, согласно со членот 228 став (2) од овој закон.

(2) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 225 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возач кој постапува спротивно на одредбите од ставот (1) на овој член и кај кој ќе се утврди содржина на алкохол во крвта од 0,51 g/kg до 1,00 g/kg. Покрај утврдениот износ на глоба на возачот ќе му биде привремено одземено возилото во времетраење од 30 дена.

(3) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 275 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на возач кој постапува спротивно на одредбите од ставот (1) на овој член и кај кој ќе се утврди содржина на алкохол во крвта од 1,01 g/kg до 1,50 g/kg. Покрај утврдениот износ на глоба на возачот ќе му биде привремено одземено возилото во времетраење од 30 дена.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 225 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на родителот, односно старателот на дете кое постапува спротивно на одредбата од ставот (2) на овој член. Покрај утврдениот износ на глоба возилото ќе биде привремено одземено во времетраење од 30 дена.

(5) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 275 евра во денарска противвредност ќе му се издаде на родителот, односно старателот на дете кое постапува спротивно на одредбата од ставот (3) на овој член. Покрај утврдениот износ на глоба возилото ќе биде привремено одземено во времетраење од 30 дена.“.

Член 8

Во член 225 во став (9) зборовите: „ставовите (1), (2), (3) и (4)“ се заменуваат со зборовите: „ставовите (2), (3) и (4)“.

Член 9

Во член 254 во ставот (5) по точката на крајот од реченицата се додаваат две нови реченици кои гласат: „Кандидатите на кои им е издадено уверението се должни во рок од шест месеци од денот на издавање на уверението да поднесат барање за издавање на лиценца. По истекот на рокот, ако не е поднесено барање за издавање на лиценца, кандидатите повторно го полагаат стручниот испит согласно со одредбите на овој закон, заради издавање на лиценца.“.

Член 10

Во член 348 став (2) алинејата 11 се менува и гласи:

„- приклучување на придружно услужни објекти и содржини на патот на државни или општински патишта и улици, согласно со важечкиот урбанистички план или урбанистички проект (автобуски стојалишта, стојалишта за возила, јавни паркиралишта покрај патот, одморалишта, бензински станици, автосервиси, мотели и автокампови, бази за одржување и пунктови за одржување на патот и бази за помошни информации), како и сообраќајни полигони (автодроми) и станици за технички преглед на возила,“.

Член 11

Во член 367 во ставот (1) во заградата по зборот „радари“ се додаваат зборовите: „или други технички средства и уреди;“.

Член 12

Во член 385 во ставот (1) зборовите: „27 став (2)“ се заменуваат со зборовите: „27 став (3)“.

Член 13

Во член 386 став (1) по зборовите: „103-д ставови (2) и (3)“ се додаваат зборовите: „103-ѓ ставови (2), (3), (4) и (5)“, а по зборовите: „239 став (8)“ се додаваат зборовите „244-а став (7)“.

Член 14

Во член 387 став (1) по зборовите: „243 ставови (2) и (3)“ се додаваат зборовите: „244-а ставови (5) и (6)“.

Член 15

Во член 391 во ставот (1) зборовите: „ја изрекува надлежен суд,“ се заменуваат со зборовите: „се изрекува“.

Член 16

Во целиот текст на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата зборовите: „електричен тротинет“ се заменуваат со зборовите: „лесно електрично возило“, зборовите: „електричниот тротинет“ се заменуваат со зборовите: „лесното електрично возило“ и зборовите: „електрични тротинети“ се заменуваат со зборовите: „лесни електрични возила“.

Член 17

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.